# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ГРАДСКО

**Бр.06/26 од 11.05.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Градско излегува по потреба*

## *С О Д Р Ж И Н А*


| *Број на акт* | | *Стр.* |
|---|---|---|
| **62** | **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлуката за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури- мраз** | **3** |
| | **О Д Л У К А за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури- мраз** | **4** |

**62.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури- мраз**

Се објавува Одлуката за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури- мраз, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 08.05.2026 година.

Бр.09-248/1
11.05.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 15 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

По иницијатива на Претседателот на Советот, на првата вонредна седница одржана на 08.05.2026 година, Советот на општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури- мраз**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува иницијативата на Претседателот на Советот на општина Градско за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури- мраз кои ја зафатија општина Градско на 2,3 и 4 Мај 2026 година.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот да формира комисија за процена на штети и да објави Јавен повик за пријавување на штети настанати од атмосферска непогода од ниски температури- мраз кои ја зафатија општина Градско на 2,3 и 4 Мај 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Градско“.

Бр.08-246/2
08.05.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.